# Н Е Е М И Ј А

Уметник. Тим Шајри
Текст: Рој Харисон

Published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 2002 European Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

**Краток преглед на чекорите за советување дете**
**кое сака да дојде кај Христос**

**Биди сигурен дека детето го разбира следново:**

**Бог**
Кој е Бог?
Бог нè создаде. Тој ни зборува преку Библијата.
Бог е свет и чист. Тој нè сака.

**Грев**
Што е грев?
Грев е непослушност кон Божјите заповеди. Тој е против Бог.
Зборувајте за конкретни гревови.
Детето е грешник.
Гревот заслужува казна.

**Спасителот**
Кој е Тој кој единствено може да ти го отстрани гревот?
Зошто Тој може да го отстрани твојот грев?
Бог Син умре на крстот за грешниците.
Господ Исус воскресна од мртвите. Тој е Господ над сè.

**Објаснете како да се спаси:**
**Објаснете што сака Господ да направиме ние, а што ќе направи Тој.**
**Употребете стих од Библијата** (Јован 1:12; 3:16; 6:37; Дела 16:31; Римјаните 6:23 или 10:13).
Што сака Господ да направиш ти?
Што ќе направи Господ?

**Предупредете за тешкотиите.**
**Прашајте: "Дали сакаш да го примиш Христос, или би сакал да почекаш?"**
Охрабрете го детето да се моли гласно (ако е подготвено).

**Зборувајте за сигурноста на спасението**
Вратете се на стихот од Библијата што го употребивте.
Зборувајте за променет живот.
Кажете му што може да знае оној кој вистински поверувал во Христос.

**Дајте** (подоцна) **неколку совети за христијански живот**
Читај ја и биди ѝ послушен на Библијата.
Зборувај со Бог, нашиот Небесен Татко.
Кажи им на другите што направи Господ за тебе.
Барај од Бог да ти прости кога грешиш.
Среќавај се со други христијани.
Запамети дека Господ ветува: "Никогаш нема да те напуштам."

## Содржина

**Лекција** **страна:**


1. Пехарникот со натажено срце. 4
Ц.В. Моли се на Бог како што Тој сака.

2. Повик за градење. 7
Ц.В. Господ определил работа што треба христијаните да ја извршат.

3. Изградбата на ѕидовите и соочувањето со непријателите. 9
Ц.В. Биди подготвен да се соочиш со тешкотии предизвикани од други луѓе.

4. Соочување со проблеми помеѓу луѓето од Божјиот народ. 12
Ц.В. Бог на своите деца им помага да бидат мудри.

5. Град посветен на Бог. 16
Ц.В. Дозволи Му на Господ да управува со твојот живот.

## Вовед

Обновувањето на ѕидовите на Ерусалим е восхитувачки дел од историјата на Божјиот народ. Тие ѕидови лежеа во урнатини 140 години. Најпрво, по многу години ропство во Вавилон, околу 50000 Евреи се вратиле со Зоровавел за повторно да го изградат Храмот. Потоа, Езра се вратил со втора група доброволци за да го воспостави славењето на Јехова. И на крај, околу 445г. пред Христос се врати последната група со Неемија за да ги обнови ѕидовите и вратите на градот.

Името Неемија значи "Бог утешува". Бог го употреби за да го охрабри и да му помогне на Својот народ на посебен начин. И покрај големиот отпор, Неемија и народот успејаа да го изградат градскиот ѕид (долг 4 км ) за само 52 дена. Освен тоа, и животот во градот беше повторно организиран, така што вистинското славење на Бог можеше да продолжи. Која беше тајната? Бог го употреби Неемија за да го исполни Својот план.

Книгата на Неемија е полна со упатства за тоа како треба Божјата работа да се изврши на Божји начин и за Божја слава. Овие пет Библиски лекции се напишани за да им помогнат на спасени деца, но и на неспасените можат да им бидат од корист.

Ликовната обработка за овие лекции ја направи Тим Шајри, член на Литературниот и Аудио-визуелниот оддел на Европската МЕД. Нашата молитва е преку овие лекции момчиња и девојчиња да продрат до Божјата совршена волја за нивниот живот – за спасение, за осветување и за служење. "Навистина, сè што е напишано некогаш, напишано ни е нам за поука, за да имаме надеж преку трпението и преку утехата од Писмата" (Римјаните 15:4).

Рој Харисон

## Упатства за учителот

За секоја лекција предложена е **централна вистина** и дадени се примени за неспасени и спасени деца. Во плановите на лекциите употребени се следниве кратенки:

**ЦВ** = каде што се поучува централната вистина во лекцијата
**Н** = примена за неспасено дете
**С** = Примена за спасено дете

Многу помага кога централната вистина е испечатена на хартија или картон за да можат децата да ја читаат.

**Ставете се на располагање за советување.** Како резултат на вашето поучување, можеби некои деца ќе имаат прашања за тоа како да се спасат, или ќе се интересираат за христијанскиот живот. Кажете им дека сте подготвени да им помогнете и објаснете им што треба да направат за да имаат полза од таа помош. Во некои лекции го имаме вклучено тоа. Сепак, вие можете да се ставите на располагање за советување во друг момент од програмата, надвор од Библиската лекција.

Следново е пример како да се каже тоа: "Малку подоцна, во нашата Библиска лекција јас ќе објаснам како можеш лично да поверуваш во Христос како во свој Господ и Спасител. Ако на крајот сè уште не си сигурен како да го направиш тоа, а сакаш да ти помогнам повеќе, те молам, кога другите ќе си заминат, дојди и седни на едно од овие места во предниот ред."

На внатрешноста од насловната страна на овој прирачник ќе најдете практични упатства за советување дете кое сака да дојде кај Христос.

# НЕЕМИЈА

## Прва лекција

## <u>Пехарникот со натажено срце</u>

**Библиски текст:** Неемија 1:1–2:8.

**Централна вистина:** Моли се на Бог како што Тој сака.

**Примена:** **<u>За неспасени деца:</u>** Замоли го да те спаси од твојот грев.

**<u>За спасени деца:</u>** Секој ден оддели време да Го прославиш, да ги исповедаш своите гревови и да Го замолиш за помош.

**Почеток:** Замисли дека си заробеник во далечна земја. ЦВ

**Картограм:**

1 Неемија, пехарник на Персискиот цар.
Бог има посебен план за него и за нас. ЦВН

2 Неемија дознава дека ѕидовите на Ерусалим се разрушени. ЦВС

3 Тој се моли. ЦВС
–го прославува Бог
–го исповеда гревот
–бара помош од Бог, повикувајќи се на Неговото ветување.

4 Продолжува да се моли. ЦВС
Царот го прашува зошто е тажен и што сака.
Неемија бара дозвола за повторно да го изгради градот.

5 Тој бара писма за да патува безбедно и да добие дрва.

**Кулминација:** Царот вели: "Да".

**Заклучок:** Ќе одвојуваш ли време за молитва секој ден? ЦВС+Н

**Стих за напамет:** Еремија 33:3
"Повикај Ме, и ќе ти одговорам."

### Лекција

Вовед – користејќи ја картата што се наоѓа на крајот од картограмот.

Можете ли да си замислите каков бил животот за некој кој живеел пред 2500 години? Немало ниту авиони, ниту автомобили, ниту весници, ниту телефон, па ни телевизија. Било многу тешко за некого кој живеел во странска земја, зашто воопшто не можел да ги дознае новостите од дома.

На децата на Израел, Евреите, им се случило нешто многу тажно. Тие биле одведени во Вавилон како заробеници (Учителе, покажете каде е Вавилон на картата). Зошто? Бидејќи беа непослушни кон Божјите заповеди; се свртеа кон други богови и се клањаа на идоли, наместо на вистинскиот и жив Бог. Бог дозволи да бидат одведени во ропство. Сепак, додека беа далеку од својата родна земја, на многумина срцата им се променија и побараа Бог да им прости. Бог одговори на нивната молитва. Бог сака и ние да Му се молиме. Многу оддамна Бог ја одговори молитвата на Својот народ. На многу од нив им овозможи да се вратат во Ерусалим (Учителе покажете го Ерусалим на картата). Царот на Персија им одобри да одат и да го обноват храмот, зградата во која тие го прославуваа Бог. Многу беа среќни што конечно можеа да си одат дома.

Еден од младите луѓе кој се роди во Персија се викаше Неемија. Нему му беше доделена многу важна работа во Персија. Работеше во Шуша, во палатата на Царот (Учителе, покажете го градот Шуша на картата).

**Картограм I–1**

Палатата во Шуша беше многу убава. Насекаде имаше мермер, злато и сребро; мебелот беше направен од посебно дрво. Царот имаше многу слуги и војници кои го штитеа. Неемија беше пехарник на царот Артаксеркс. Можеби мислите дека не е кој знае колку голема работа да се биде пехарник, но во тоа време тоа беше почесна функција. Тој ја пробаше царевата храна и пијалок пред да му бидат послужени на царот. Ова го правеа за да го заштитат царот од затровување. Доколку на пехарникот не му се слошеше и не умреше, тогаш царот знаеше дека е безбедно за него да јаде или да пие. Тоа покажува дека царот мора многу да му верувал на Неемија. Царот често разговараше со него и Неемија знаеше за важните одлуки што се донесуваа во големата Персиска империја.

Бог го подготвуваше Неемија за уште една поважна работа. Но, најпрво тој мораше да ја изврши добро оваа работа во палатата. Бог има посебен план за твојот живот. Првото нешто што Бог сака да го направи во твојот живот е да те спаси од твојот грев. Исто како и луѓето од пред многу години, и ти си непослушен на Божјите заповеди. Библијата вели дека треба да го љубиме Бог со цело свое срце. Но, често ние мислиме за себе и за тоа што ние го сакаме.

Можеме да бидеме и непослушни кон она што Бог го вели за крадењето и лажењето, доколку тоа ни помага да го постигнеме тоа што го сакаме. Токму затоа ти треба да поверуваш во Исус Христос. Само Тој може да ти го прости гревот и да те направи онаков каков што треба да си. Тој умре на крстот поради твојот грев, но воскресна од мртвите. Дали Бог е задоволен од твојот живот? Ако знаеш дека не е, сврти се кон Бог денес. Молитвата што Бог најпрво сака да ја слушне од секого е: "Господе, спаси ме" или како што еден човек од Библијата рече: "Боже, биди милостив спрема мене, грешникот" (Лука 18:13). Замоли Го да ти биде Господ и Спасител. Тој вети дека нема да го отфрли оној кој доаѓа кај Него (Видете Јован 6:37).

Ако имаш прашања за тоа како да дојдеш кај Господ, те молам кажи ми на крајот на состанокот. Можеш да дојдеш и да седнеш на еден од овие столови во првиот ред. Ќе бидам среќен да ти покажам што треба да направиш и што Господ ветува дека ќе стори за да те спаси. Тоа е многу важно, па затоа те молам, дојди после и седни овде, ако сакаш да ти помогнам.

**Картограм I–2**

Неемија имаше почесна функција во палатата и сè му одеше добро. Но, еден зимски ден слушна некои новости што многу го натажија. Неговиот брат, Ананиј, и некои други пријатели–Евреи, се вратија во Шуша по посетата на Ерусалим. Неемија ги праша: "Како се луѓето таму? Како е во Ерусалим?" Тие му рекоа: "Оние што се таму се во голема неволја и срам. Ерусалимскиот ѕид е разурнат, а вратите му се изгорени со оган" (Видете Неемија 1:3). Неемија беше тажен додека размислуваше: "После сиве овие години, народот во Ерусалим сè уште не е заштитен од своите непријатели. Кратци можат да влегуваат и излегуваат кога сакаат; нема врати да ги запре. Не е чудно што луѓето се обесхрабрени и исплашени. Другите народи што живеат околу нив им се потсмеваат."

Дали знаеш дека и денес, ние кои му припаѓаме на Господ можеме да се најдеме во слична ситуација. Можеби не разговараме со Бог и не живееме за Него како што треба. Дали се чувствуваш обесхрабрен во христијанското живеење? Луѓето од Ерусалим беа многу обесхрабрени бидејќи нивниот град беше во рушевини.

**Картограм I–3**

Каква беше реакцијата на Неемија на новостите за Ерусалим? Библијата вели дека тој "седна и заплака" (Неемија 1:4). Неемија беше тажен и почна да се моли. Тој дури и не јадеше, бидејќи му беше многу тешко поради она што се случуваше во Ерусалим. Молитвата на Неемија ни е напишана во Библијата (Неемија 1:5–11). Навистина таа е прекрасна молитва. Бог ја ставил оваа молитва во Своето Слово за ние да можеме да се молиме така како што Тој сака – како што се молеше и Неемија. А, како се молеше Неемија?

Најнапред тој зборуваше за тоа колку Бог е голем. Тој рече: "О, Господи, небески Боже, велики и страшен Боже..." (Неемија 1:5). Господ е семоќен; Тој е цар над сè. На почетокот на својата молитва, Неемија исто така кажа колку е Бог верен во одржувањето на Своите ветувања на оние кои Го сакаат и кои се послушни на Неговите заповеди. И ние треба да го славиме Бог како што го славеше Неемија, бидејќи Бог е толку голем и верен. Можеме да Му веруваме дека ќе ни одговори на нашите молитви.

Откако го прослави Бог, Неемија зборуваше за своите гревови и за гревовите на народот. Тој рече: "Ги исповедам гревовите што ги направивме против Тебе. Правевме многу зло не држејќи ги Твоите заповеди" (Видете Неемија 1:7). Неемија рече дека и тој бил непослушен кон Бог. Дали и ние како Неемија сме подготвени да Му признаеме на Бог дека сме Му биле непослушни? Секој од нас во својот христијански живот прави лоши работи, а Библијата вели дека треба да Го замолиме Бог да ни ги прости (Видете Лука 11:4; 1 Јован 1:8,9). Тој ни ветува дека ќе ни ги прости гревовите и ќе нѐ направи чисти.

Дури откако Неемија го прослави Бог и го исповеда својот грев, тој побара помош од Бог. Во својата молитва употреби едно ветување што Бог го дал пред многу години преку Мојсеј. Бог рекол дека ако тие згрешат, Тој ќе ги распрсне меѓу народите; но ако се свртат кон Него и Му бидат послушни, тогаш Тој повторно ќе ги собере од далечни места и ќе ги врати во Ерусалим. Добро е кога се молиме, да размислуваме за тоа што Бог го рекол. Тогаш знаеме дека тоа што го бараме е по Негова волја. И ние исто така можеме да Го потсетиме Бог на Неговите ветувања. Неемија не се молеше за општи работи, туку тој се молеше за нешто конкретно: "Те молам, благослови го Својот слуга денес и направи да најде милост пред Царот" (Неемија 1:11). Тој побара од Бог да направи Царот да му биде благонаклонет кога ќе разговара со него. Бог сакаше на Неемија да му покаже дека тој може да му помогне на својот народ, а Неемија беше подготвен да оди. Кажи му ги на Бог своите потреби и биди подготвен да одиш таму каде што Тој ќе ти покаже.

**Картограм I–4**

Колку прекрасна беше таа молитва! Неемија продолжи да се моли така четири месеци. Сигурно времето му изгледаше многу долго. Бог сака да се молиме истрајно кога знаеме дека нешто е по Негова волја. Понекогаш, Божјиот одговор треба долго да го чекаме. Се сеќавам на еден човек кој се викал Џорџ Милер. Во текот на седумдесет години тој се молел секојдневно за спасението на некој свој пријател. Сепак изгледало дека нема одговор. Конечно, пријателот поверувал во Христос. Своето спасение го доживеал на погребот на Џорџ Милер. Дали се молиш за спасение на некој твој пријател или на некој од твоето семејство? Не откажувај се, дури и ако си се молел со месеци, па макар и со години.

Минуваше недела по недела, а Неемија не престануваше да се моли. Тогаш, во еден од деновите на месец април, тој се подготвуваше да му служи вино на царот. Порано, тој секогаш бил среќен во присуството на царот, но сега за прв пат се гледаше неговата тага. Царот Артаксеркс веднаш го забележа тоа и рече: "Зошто ти е толку тажно лицето кога не си болен?" (Неемија 2:2). Царот сакаше да дознае што е тоа што Неемија го правеше несреќен.

Неемија многу се исплаши. Тој знаеше дека не му е дозволено да биде тажен кога е кај царот. Исто така знаеше и дека царот Артаксеркс веќе беше дал наредба за запирање на секаква работа на ерусалимскиот ѕид (Видете Езра 4:21). Неемија едноставно му одговори на царот, велејќи: "Како да не бидам тажен, кога мојот роден град е разурнат, а вратите му се изгорени со оган?" (Неемија 2:3). Неемија чекаше да слушне што ќе рече царот. Дали тој ќе го избрка? Бог ја одговараше молитвата, па Царот рече:

"Што сакаш?" Неемија сфати дека сѐ зависеше од тоа што ќе се случи потоа, па затоа, пред да му одговори на царот, тој набрзина тивко се помоли на Бог. Потоа рече: "Ако му е по волја на царот, пушти ме да одам во мојот роден град, за да го обновам" (Видете Неемија 2:5).

Што ќе рече царот? Дали ќе му се налути? Дали ќе ја одбие неговата молба? Царот му рече на Неемија: "Колку ќе трае твојот пат и кога ќе се вратиш?" (Неемија 2:6). Царот даде дозвола. Колку прекрасно! Неемија знаеше дека Бог го овозможи тоа. Нема ништо претешко за Бог. За Него сѐ е можно.

**Картограм I–5**

Неемија знаеше дека ќе му треба помош од царот за да стигне до Ерусалим и да ги обнови ѕидовите. Но, тој веќе беше размислувал за тоа што требаше да се стори. Можеше да му каже на царот колку ќе трае неговото патување. Тој исто така рече: "Може ли да добијам писма за управителите на покраините низ кои ќе поминам, и писмо за надгледувачот на царевата гора близу Ерусалим?" (Неемија 2:7,8).

Управителите можеа да го спречат Неемија да стигне до Ерусалим, па затоа му беа потребни писма (за безбеден премин) од царот. Му требаа и дрвја за обнова на вратите и на другите делови од градот. Повторно царот одговори потврдно. Господ работел во срцето на царот, па така тој беше подготвен да се согласи. Затоа Неемија можеше да каже: "Царот одговори на моите барања зашто добрата рака на мојот Бог беше над мене" (Неемија 2:8). Тој доби дозвола од царот за обнова на Ерусалим. Доби писма што му беа потребни за безбеден премин и за да добие дрвја од царевата гора. Бог одговори на молитвата. Бог сака да Му кажеш сѐ во молитва. Тој вели: "Повикај Ме, и ќе ти одговорам" (Еремија 33:3).

Дали вие момчиња и девојчиња што сте христијани, ќе Му се молите на Господ така како што Тој ни кажува во Својот Збор? Дали секоја недела ќе одвојувате време да Го прославите Господ за тоа што Тој е, да Му кажете за лошите работи што сте ги направиле и да побарате да ви помогне на вас, а и на другите? Неемија го повика Бог и Тој му одговори на прекрасен начин. И денес Господ на мене и на тебе ни вели: "Повикај Ме, и ќе ти одговорам" (Еремија 33:3).

А ти што го немаш Господ Исус во својот живот, ќе Го замолиш ли денес да ти биде Господ и Спасител? Само Тој може да ти го прости гревот и да те направи таков каков што Тој сака да бидеш. Не одлагај го повеќе доаѓањето кај Христос. Тој сака да се помолиш со овие зборови: "Господе, спаси ме." Тој вети дека секој кој доаѓа кај Него нама да биде одбиен. Поверувај во Исус Христос и ќе откриеш дека Тој е прекрасен Спасител и Господ.

**Втора лекција**

**Повик за градење**

**Библиски текст:** Неемија 2:9–20.

**Централна вистина:** Господ определил работа што треба Христијаните да ја извршат.

**Примена:** **За спасени деца:** Барај од Бог да те води и да те употреби.

**Почеток:** (Директен пристап.)

**Картограм:**

1 Колку значаен мора да бил денот кога Неемија тргна на пат... Патувањето до Ерусалим.

2 Неемија дознава каква е состојбата. ЦВС

3 Санавалат и Товиј се налутени. ЦВС
Ние сме љубоморни, злобни и потребен ни е Христос (за неспасени).

4 Неемија го разгледува ѕидот ноќе. Цената за вршењето на Господовата работа. ЦВС

5 "Ајде да го изградиме ерусалимскиот ѕид"
Народот се согласува.
Непријателите се потсмеваат.

**Кулминација:** "Небесниот Бог ќе ни даде да успееме. Ние, Неговите слуги, ќе станеме и ќе градиме."

**Заклучок:** Дозволи Му на Господ да те води и да те употреби. Тој ќе ти даде сила и храброст.

**Стих за напамет:** Дела 22:10.
"Господи што сакаш да направам?"

Додека го поучувате стихот за напамет, објаснете за Савле и за тоа како тој беше на пат кон Дамаск за да ги зароби Христијаните што беа таму. Одеднаш тој виде светлина од небото и слушна глас кој му велеше: "Савле, зошто ме прогонуваш (зошто ме повредуваш)?" Кога Савле сфати дека Оној кој му зборува е Исус Христос, рече: "Господе што сакаш да направам?" Тој го нарече Исус "Господ" и Му дозволи да управува со неговиот живот. Во тој момент Савле беше спасен –гревовите му беа опростени и неговиот живот се промени. Господ сака да те спаси и да ти го промени животот. Ти треба само да Му веруваш и да Му дозволиш да управува со твојот живот.

Ако сакаш денес да поверуваш во Христос, а не си сигурен што треба да направиш, јас многу би сакал да разговарам со тебе за тоа. Па, затоа, ако сакаш да знаеш повеќе за тоа како да се спасиш, по завршувањето на состанокот остани на своето место. Ако видам дека си останал, ќе дојдам и ќе разговарам со тебе повеќе за тоа како да поверуваш во Христос.

**Лекција**

**Картограм II–1**

Колку значаен мора да бил за Неемија денот кога тој заедно со другите Евреи тргна на пат за Ерусалим. Со месеци се молеше за тој ден. Царот му даде дозвола да ги обнови градските ѕидови. Сега конечно дојде времето тие да тргнат кон Ерусалим. Можете да си замислите колку возбуден мора да бил Неемија. Сето тоа се случи бидејќи, како што рече тој: "добрата рака на мојот Бог беше над мене" (Неемија 2:8).

Библијата вели дека царот испратил дури и коњаници и воени началници со нив за да ги заштитуваат по патот (Видете Неемија 2:9). Патувањето требаше да биде долго – над 1100км (700 милји). Народот од Шуша сигурно го набљудуваа нивното заминување, прашувајќи се дали воопшто некогаш ќе стигнат до Ерусалим (Погледнете на картата). Најнапред тие требаше да ја преминат реката Тигар, а потоа и реката Еуфрат (Покажете ги тие реки). Царот му беше дал писма на Неемија за да ги покаже на управителите низ чии покраини требаше да помине. Царската заповед мораше да се послуша и затоа им дозволија да го продолжат патувањето. Патуваа и патуваа. Со секој изминат ден беа сè поблизу до Ерусалим.

**Картограм II–2**

И на крај, по скоро три месечно патување, тие пристигнаа во Јудеја. Таму во далечината можеа да го видат градот Ерусалим, барем тоа што беше останало од него. Колку благодарни мора да Му биле на Бог што ги чувал за време на долгото патување. Тоа беше градот од кој нивните прадедовци беа одведени како заробеници.

Кога Неемија разговараше со луѓето од Ерусалим, тој откри колку обесхрабрени беа тие. Неемија веднаш не им кажа зошто е дојден (Видете Неемија 2:16). Тој самиот сакаше да види како стојат работите.

Бог го донесе Неемија во Ерусалим за тој да изврши една посебна задача за Него. Ако си поверувал во Господ Исус Христос, Бог и за тебе има посебна задача. Бог може да те употреби тебе за да придонесеш и други да поверуваат во Господ Исус. Тој може тебе да те употреби за да им помогнеш на други христијани да растат во нивниот христијански живот. Тој има совршен план за секој ден, па така, без разлика дали сме дома, на училиште, или пак си играме, Тој може да нè поведе кај оние на кои сме им потребни. Ако си христијанин, дали бараш од Бог секојдневно да те води според Својата совршена волја? Има рефрен од една песна што можеш да го употребиш како молитва:

> "Господе, употреби ме; еве ме, употреби ме.
> Сакам величествено да ме употребиш од
> онаа страна на улицата или пак од онаа страна
> на морето.
> Господе, еве ме, употреби ме."

Неемија дозволуваше Господ да го води и да го употребува.

**Картограм II–3**

Сепак, двајца луѓе беа многу налутени поради доаѓањето на Неемија–Санавалат, управителот на Самарија, и Товиј, управителот на Амон. Тие ги мразеа Евреите и сфатија дека Неемија е дојден да им помогне. Не сакаа Јудеја да стане повторно силна. Според нив, само покраините Самарија и Амон требаше да бидат моќни. Па, поради тоа беа многу несреќни.

Ако ние, како христијани, ја извршуваме Божјата волја, секогаш ќе има луѓе на кои тоа нема да им се допаѓа. Ќе ги нервира тоа што сме поразлични од нив поради нашата љубов кон Господ Исус Христос. Понекогаш дури ќе се обидат да ни ги уништат учебниците или велосипедот. Понекогаш ќе им кажуваат на другите лоши работи за нас. Тоа треба и да го очекуваме. Ако имаше луѓе кои го мразеа Господ Исус кога Тој беше овде на земјата, тогаш треба да знаеме дека и денес има луѓе кои нè мразат нас зашто Го следиме Него. Дали тоа треба да нè спречи да им кажуваме на другите за нашиот Спасител? Дали тоа треба да нè спречи да им помагаме на оние на кои им е потрбна помош? Не! Неемија не дозволи Санавалат и Товиј да го спречат да ја извршува Божјата работа во Ерусалим. Ајде да побараме Бог да ни помогне да продолжиме да работиме за Него секој ден. Кога Мери Слесор почнала да поучува деца за Господ Исус во Данди, една банда од момчиња се обидела да ја заплаши и повреди. Но, таа продолжила да поучува за Исус. Подоцна, таа дури отишла да работи како мисионерка во Африка.

Санавалат и Товиј беа против Неемија. Можеби и ти си еден од оние кои понекогаш се љубоморни и злобни кон христијаните. Ти и јас сме грешници. Има само Еден кој може да ја поништи казната што ја заслужуваме за нашите гревови и да направи да имаме поинаков живот. Тоа е Господ Исус Христос. Тој на крстот ја прими казната за нашите гревови. Библијата вели: "Христос умре за безбожниците" (Римјани 5:6). О, тоа е толку прекрасно! Ти можеш да дојдеш кај Него, воскреснатиот Спасител, сега. Верувај во Него со сето свое срце и Тој ќе ти прости. Тој ќе го промени твојот живот.

**Картограм II–4**

Неемија веќе три дена беше во Ерусалим. Сè уште никому не му имаше кажано за своите планови. Тој сам сакаше да види како стојат работите таму. Но, како е можно да ги провери ѕидовите без никој да дознае што прави? Во ноќта, тој почека сите да си легнат. Потоа, со неколку пријатели, излезе од градот за да ги види вратите и ѕидот. Тој многу внимателно ги разгледа рушевините и тоа што преостанало. Глетката беше тажна. Дури имаше и места каде животното на кое јаваше не можеше да помине, зашто имаше толку многу купишта камења и отпадоци. Но, Неемија само слезе од животното и продолжи да оди пеш. Малата група луѓе се упати кон Долинската Врата. Полека тие го обиколија целиот ѕид. Неемија мораше да знае што точно треба да прави.

Господ Исус зборуваше за важноста на внимателното размислување за она со што ќе се соочиме како христијани. Тој рече дека кога некој сака да изгради кула, најпрво ги пресметува трошоците за да се осигури дека ќе може да ја заврши работата (Лука 14: 28–30). Дали си сфатил колку чини да се извршува тоа што Господ го сака? Тоа значи, Господ да се стави на прво место, пред нашите лични барања и желби. Можеби ти, како христијанин, би сакал вечерта да ја поминеш играјќи си дома, а Господ, пак, ти покажува дека има некого на улицата кому му е потребна твојата помош. Што треба да направиш? Дали треба да кажеш: "Тој човек не е многу важен", или треба да кажеш: "Господе, сакам да ја извршам Твојата волја, без разлика колку ќе ме чини тоа"? Следењето на Христос и извршувањето на Неговата волја не значи Тој да е на прво место само во врска со начинот на кој го поминуваме времето, туку и во врска со начинот на кој ги трошиме парите. Ние едноставно нема да купуваме сè што сакаме, туку ќе дозволиме Господ да нè води. Ќе бараме од Него да ни помогне да даваме дел од нашите пари за другите да можат да го слушнат Евангелието (Добрата вест). Некои христијани мислат дека само големи нешта – како на пример, станувањето мисионер, или пак, проповедањето, се важни за Бог. Најчесто, вршење на Божјата работа значи да се биде верен во малите нешта – како на пример, помагање на пријател или давање за мисионерска работа. Секогаш не е лесно, но Бог и денес ќе биде со Своите деца, исто како што тогаш беше со Неемија.

Неемија ги разгледа ѕидот и вратите. Виде што треба да се направи. Имаше многу работа. Одлучи следниот ден да им ги каже своите планови на луѓето.

**Картограм II–5**

Следниот ден, Неемија ги собра управителите на народот и им рече: "Гледате во каква невола сме: Ерусалим е во урнатини, а вратите му се изгорени. Ајде да го изградиме ерусалимскиот ѕид, за да не бидеме веќе изложени на потсмев" (Неемија 2:17). (Оние кои живееја околу Ерусалим, се потсмеваа со народот во градот заради разурнатите ѕидови.)

Неемија сакаше тие да сфатат колку е голема потребата за обнова на градот и да преземат нешто во врска со тоа. Тој не се обиде да работи сам, туку рече: "Ајде да сториме нешто, сите вие и јас заедно." Бог сака да работиме заедно со други луѓе кои го љубат Господ. Затоа Неемија ги повика: "Ајде да го изградиме ерусалимскиот ѕид."

За да ги охрабри, тој им раскажа како Господ веќе помогнал за тоа: "Царот Артаксеркс ми го даде тоа што го барав, зашто добрата рака на мојот Бог беше над мене." Им раскажа како царот му даде дозвола за обновување на ѕидот, како му даде писма за управителите што требаше да ги сретне по патот и за дрвја од царевата гора. Бог веќе беше направил толку многу за нив, па сигурно ќе им помогне да го обноват ѕидот. Неемија чекаше да слушне што ќе кажат луѓето. Ќе сакаат ли да работат заедно со него, или ќе остават така како што е?

Луѓето одговорија во еден глас: (да прочитаме што рекоа) "Да станеме и да градиме" (Неемија 2:18). Тие беа спремни да почнат со работа. Замислете само колку среќен мора да беше Неемија. Луѓето сакаа да работат заедно.

Новостите брзо се раширија. Непријателите на Евреите слушнаа дека тие ќе го обновуваат ѕидот. Кога новостите стигнаа до Санавалат, Товиј и нивниот пријател Гисем, почнаа да се потсмеваат со Евреите: "Што работите тука? Сакате ли да се побуните против Персискиот цар?" (Неемија 2:19). Тоа покажуваше дека на Евреите нема да им биде лесно да ја завршат таа работа. Сепак, на непријателите Неемија им одговори: "Небесниот Бог ќе ни помогне да успееме. Ние, Неговите слуги станавме да градиме. А вие немате ни дел, ни право на Ерусалим" (Неемија 2:20). Неемија беше решен да ја изврши работата за која Бог го повика, и никој и ништо не можеше да го запре.

Ако си христијанин, можеш да се молиш вака: "Господи, што сакаш да направам?" Господ има работа за тебе. Бог може секој ден да те употребува за да сведочиш на другите дома, в училиште и додека си играш. Дозволи Му на Господ да те води и да те употребува како што тоа го стори со Неемија. Понекогаш ќе биде многу тешко; сети се само како непријателите им се смееја и потсмеваа на Евреите. Можеш да го замолиш Господ да ти даде сила и храброст за да сведочиш и да работиш за Него. Тој ќе ти помогне да живееш за Него и ќе ти ги даде вистинските зборови што треба да ги кажеш.

## Трета лекција

### <u>Изградбата на ѕидовите и соочувањето со непријателите</u>

**Библиски текст:** Неемија глави 3 и 4.

**Централна вистина:** Биди подготвен да се соочиш со тешкотии предизвикани од други луѓе.

**Примена:** <u>За спасени деца:</u> Замоли го Бог да ти помогне. Запомни колку голем и моќен е Тој.

**Почеток:** Едно момче е на прошетка во планина; татко му му вели: "Токму нерамнините се тие по кои се искачуваме." ЦВ

**Картограм:**

1 Неемија ја планира работата и ги охрабрува работниците.
Бог има работа за секој христијанин.

2 Санавалат и Товиј им се потсмеваат на Евреите. ЦВС

3 Непријателите планираат напад.
Народот се моли и го чува градот. ЦВС
Народот е обесхрабрен; закани за напад.

4 Луѓе поставени на најнезаштитени места.
Не заборавајте Го Господ; Тој е голем и моќен. ЦВС

5 Една група стои на стража, друга носи оружје и работи.

"Нашиот Бог ќе се бори за нас".

**Кулминација:** Народот продолжува со работа.

**Заклучок:** Што ќе сториш ти кога ќе се соочиш со тешкотии предизвикани од другите?

**Стих за напамет:** Римјани 8:31.
"Ако е Бог со нас, кој ќе биде против нас?"

**Кратка лекција за неспасените деца**

Бидејќи главната лекција е за спасени деца, ве молиме споделете ја оваа крата лекција некаде при почетокот на програмата. Додека ја поучувате, можете да го покажете картограмот II–5.

Денес во нашата лекција ќе учиме за обновувањето на вратите и ѕидовите на Ерусалим. Интересно е тоа дека првата врата што се спомнува во списокот на врати е Овчата Врата (Неемија 3:1). Таа се наоѓаше близу до храмот во североисточниот дел од Ерусалим. Овците што се жртвуваа во храмот ги внесуваа низ таа врата.

"Овчата Врата" нè потсетува на Господ Исус Христос. Тој умре на крстот за да плати за нашите гревови. Но, Тој воскресна од мртвите; Тој е жив Спасител. Токму затоа Господ Исус рече: "Јас Сум вратата; кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште." (Јован 10:9). Има само еден начин да се спасиш од својот грев. Тој е верата во Господ Исус Христос. Исус Христос е вратата на спасението за тебе и за мене.

Кога би го прашал секого од вас на која страна од вратата на спасението е денес, што ќе ми одговорите? Дали си сè уште однадвор? Или пак, дали си поминал низ вратата и знаеш ли дека си спасен? Ако сè уште не си влегол низ вратата на спасението, можеш денес да го замолиш Христос да ти биде Спасител и Господ.

Дали сфаќаш дека си грешник, штом ги правиш тие нешта што не треба да ги правиш? Дали разбираш дека Исус Христос е единствениот Спасител, Единствениот кој може да ти ги прости гревовите и да те направи таков каков што Тој сака да бидеш? Подготвен ли си денес да поминеш низ вратата на спасението во Божјото царство? Треба да Го примиш за свој Спасител и Господ. Токму сега, можеш да Му кажеш: "Драги Господе Исусе, јас верувам дека Ти умре на крстот и воскресна за мене. Сега Те примам за свој Спасител и Господ. Верувам дека ќе ми ги простиш гревовите и ќе ми ја спасиш душата." Поради Неговото ветување можеш да бидеш сигурен дека си спасен. Тој вели: "Јас сум вратата: кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен".

**Белешка за учителот:**

Пред да започнете со лекцијата, објаснете им на децата дека по состанокот му стоите на располагање на секој кој сака да знае повеќе за тоа како да биде спасен или кому му е потребна помош во христијанскиот живот. Одредете место каде секое заинтересирано дете може да дојде за советување.

**Лекција**

**Вовед**

Едно мало момченце отишло со својот татко на прошетка во планина. Падината по која се качувале била многу стрмна со многу издадени карпи. Малото момченце се свртело кон татка си и прашало: "Зошто Бог ги создал планините со толку многу нерамнини?" Таткото за момент се замислил, па му одговорил: "Токму нерамнините се тие по кои се искачуваме." Тој, се разбира, мислел дека издадените карпите им помагаат да се искачат повисоко. Така е и во христијанскиот живот. Сите ние се соочуваме со тешкотии, а некои луѓе дури се обидуваат да нè повредат. Можеби се прашуваме зошто Бог дозволува да се случуваат такви нешта. Но, токму низ тие тешки моменти ние учиме многу важни лекции за христијанскиот живот; учиме да Му веруваме повеќе на Бог и да го правиме тоа што Тој го сака. Бог ни помага кога се соочуваме со тешкотии и кога другите се против нас. Тој ги употребува тешкотиите за да нè направи такви какви што Тој сака да бидеме. Запомнете: "Токму нерамнините се тие по кои се искачуваме."

Неемија се соочи со многу тешкотии додека ја извршуваше Божјата волја. Веќе учевме како непријателите им се потсмеваа на Евреите бидејќи тие сакаа да ги обноват ѕидовите на Ерусалим. Неемија му кажа на народот: "Небесниот Бог ќе ни помогне да успееме. Ние, Неговите слуги станавме да градиме" (Неемија 2:20). Токму тоа и го направија.

**Картограм III–1**

Имаше многу работа: рушевините и изгорените столбови од вратите требаше да се расчистат; камењата требаше да се измијат пред да се употребат повторно во изградбата на ѕидот; ѕидовите требаше да се поправат; вратите со нивните клучалки и лостови требаше да се поправат и наместат. Едноставно, не можеше секој да прави што сака. Неемија мораше да направи план според кој секој човек ќе може да работи на вистинското место, извршувајќи ја задачата што му е или ѝ е дадена. Бог го упати Неемија да им каже на луѓето да работат во групи на оној дел од ѕидот што беше најблиску до нивните домови. Би им било од помош кога се на работа да бидат во близина на своите семејства. На луѓето што живееја надвор од Ерусалим им беше кажано да работат на оној дел од ѕидот каде што имаше помалку куќи. Имаше вкупно 42 групи работници: некои беа свештеници во храмот, некои златари, некои билјари, други беа служители во храмот, а други пак трговци. Сите беа вклучени во работата. Неемија избра одредени луѓе да се грижат за работата на нивниот дел од ѕидот за да биде сигурен дека сè ќе биде изработено како што треба. Тој знаеше кој каде работи и постојано ги охрабруваше. На пример, спомнува еден човек по име Варук кој особено многу работеше (Неемија 3:20). Исто така спомнува како луѓето од Текоја, село оддалечено околу 15км (10 милји) од Ерусалим, поправија

цели два дела од ѕидот иако нивните племенски водачи не сакаа воопшто ништо да работат (Неемија 3:5,27).

Се сеќавате ли што учевме минатиот пат? "Бог има работа за секој христијанин". Тој очекува ние да работиме заедно со други христијани. Сака Неговата работа да биде извршена најдобро. Библијата вели: "Што и да правите, правете го од душата како за Господа, а не за луѓе... зашто вие Му служите на Господа Христа" (Колосјани 3:23,24). Дома, со својот брат или сестра или родител кои се христијани, можеш да помагаш во домашните работи и да го правиш тоа како за Господ. Со твоите пријатели од училиште кои се христијани, можете да изградите силно сведоштво за Господ Исус Христос покажувајќи со вашиот живот и кажувајќи со вашите усни колку е прекрасен вашиот Спасител. Со твоите молитви и дарови можеш да им помогнеш на мисионерите или на други христијани кои им ја пренесуваат Добрата Вест за Спасителот на луѓе во прекуокеански земји. Исто како што многу одамна во Ерусалим секој имаше определена работа при градењето на ѕидовите, така и секој христијанин има своја улога во Божјата работа.

**Картограм III–2**

Сепак, имаше некои луѓе кои не сакаа да се обнови ѕидот. Едниот од нив, Санавалат, навистина многу се налути кога слушна за работата што беше во тек. Санавалат беше управител на Самарија. Тој единствено беше заинтересиран да ја задржи власта над Самарија за себе. Санавалат почна да ги исмева Евреите пред своите луѓе и пред самариската војска. Тој велеше: "Што прават овие бедни Евреи? Имаат ли намера можеби да поправаат, да жртвуваат и да свршат сè во еден ден? Зар од купот прав ќе го извикаат во живот изгореното камење?" (Неемија 4:2). И Товиј, управителот на Амон беше таму. Тој исто така им се потсмеваше на Евреите: "Само нека градат! Но, ако се искачи лисица, ќе им ги разурне камените ѕидови." На тоа сите други се смееја.

Секогаш има луѓе кои се подготвени да ни се потсмеваат кога го правиме тоа што Господ го сака. Тие велат: "Што добивате од тоа што велите дека му припаѓате на Исус Христос? Ништо не можете да постигнете со молитвите и со тоа што ќе им кажувате на другите луѓе за Христос! Сето тоа е само губење време!" Тие ќе ве исмејуваат и вас, а и тоа што Бог го вели во Библијата. Можат да бидат многу сурови. А, тоа е затоа што не сакаат да веруваат во Господ Исус и да Му дозволат да им го промени животот. Дали некогаш ти се случило со некој пријател да разговараш за Господ и тој да ти се потсмева за тоа? Што треба да сториш во таков случај? Учителе, дозволете им на децата да одговорат. Можете да разговарате за различни можни реакции, како на пример: **а)** ќе се обидеш да му вратиш со иста мера. **б)** Ќе се расплачеш и ќе одлучиш никому повторно да не му кажуваш за Господ Исус. **в)** Ќе им кажеш на своите родители за тоа (тоа може да ти помогне). **г)** Ќе Му кажеш за тоа на Бог (најдобар одговор). Но, што вели Библијата, што направи Неемија во тој случај? (Ајде да прочитаме и да видиме.) Неемија не започна да се расправа со тие луѓе. Не им довикна навредливо. Неемија само се помоли и побара од Бог Тој да го реши проблемот. Тој се молеше вака: "Чуј, о Боже наш, како нè презираат! Сврти ги нивните хули на нивната глава... зашто им се потсмеваа на градителите" (Неемија 4:4,5). Првото нешто што еден христијанин треба да го направи кога му/ѝ се потсмеваат, е да се моли. Кажи Му на Господ низ што поминуваш и замоли Го Тој да се погрижи за тоа. Ако некој работи против Божјата волја, тогаш тој ќе треба да одговара пред Господ. Не губи си го времето за да бараш начини како да им вратиш. Остави Му го тоа на Господ. Тој ќе го направи тоа што е правилно. Можеби некој ти се потсмевал затоа што си христијанин. Тогаш, кажи Му за твојот проблем на Господ и предај го во Неговите раце. Не дозволувај тоа да те спречи да ја извршуваш Божјата волја. Неемија и неговите пријатели можеа да продолжат со работата, бидејќи тие, проблемот со потсмевањето од страна на нивните непријатели, Му го оставија на Господ.

Библијата вели дека изградбата продолжи "зашто народот имаше воодушевување за работа" (Неемија 4:6): тие целосно се оддадоа на работата и ништо не можеше да ги запре. Работеа ден по ден, ставајќи го секој камен на своето место. Тоа беше голема работа бидејќи ѕидот околу Ерусалим беше долг околу 4км (2,5 милји). Сега луѓето беа охрабрени, зашто стигнаа до половина од нивната работа на обновувањето на ѕидот.

**Картограм III–3**

Но, нивните непријатели не планираа да се предадат лесно. Тие беа многу налутени зашто поправките на ѕидот напредуваа, а пукнатините една по една се затвораа. Непријателите што беа во околината на Ерусалим се собраа заедно за да направат план за напад на градот. Таму беа Санавалат и Самарјаните од север, Товиј и Амонитите од исток, Гисем и Арабјаните од југ и Азотите од запад. На тој начин Ерусалим беше опколен.

Каков беше одговорот на оваа завера за предизвикување неволји и борба против Ерусалим? Што мислите, што направија Евреите? Библијата вели дека луѓето направија две нешта. Пред сè, тие се молеа – овој пат не само Неемија, туку сите. Знаеја дека без Бог состојбата беше безнадежна. Тие се потпреа на Бог и побараа да ги заштити. Но, Неемија направи и нешто друго. Тој одбра одредени луѓе да го чуваат градот деноноќно.

Господ Исус знаеше дека и ние кои сме христијани ќе мора да се соочиме со тешкотии предизвикани од други луѓе. Тие не доаѓаат против нас со мечеви и копја. Тие можат да кажат или да направат нешта што нам ќе ни предизвикаат проблеми. Што би направил ако некој твој пријател ти рече: **а)** "Пропушташ многу од забавата во животот поради тоа што си христијанин" или **б)** "Јас ги пробав цигарите па дури и дрогата. Зошто и ти некогаш не ги пробаш?" или **в)** „Сите

зборуваат за новата видео касета за црната магија; сакаш ли да ја гледаме кај нас вечерва?" или **г)** "Глупаво е да се верува дека Бог создал сè за шест дена; Учителот вели дека тоа се одвивало во текот на милиони години." (Дозволете им на децата да одговорат и обидете се да им помогнете да го најдат правилниот одговор на секој проблем). Господ Исус ни кажа во Својот Збор: "Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение!" (Матеј 26:41)

Евреите се помолија и одбраа луѓе кои ќе го заштитуваат градот. Сепак, непријателите на Еврејскиот народ сè уште беа решени да ја запрат обновата на ѕидот. Но, одлучија да не го напаѓаат Ерусалим веднаш. После ова, Неемија требаше да се соочи со друг проблем. Скоро веќе еден месец луѓето многу напорно работеа; не само што по цел ден работеа на ѕидот, но некои од нив сега мораа и да го чуваат деноноќно. Сите многу се изморија, па некои дојдоа кај Неемија и рекоа: "Силите на носачите им се намалија, а урнатините се многу: не ќе стигнеме никогаш да го изградиме ѕидот!" (Неемија 4:10). Тие беа обесхрабрени; чувствуваа дека силите им се при крај. А, имаше и друг проблем исто така: Санавалат и неговите пријатели раширија гласини дека планираат да извршат ненадеен напад на градот, да дојдат од сите страни и да ги убијат. Библијата вели дека десетпати пристигале закани за напад (Неемија 4:12). Сигурно им било многу тешко на Евреите!

**Картограм III–4**

Неемија знаеше дека мора нешто да стори. Најнапред, тој испрати неколку луѓе да стражарат зад ѕидот на местата што беа најнезаштитени. Тие требаше да бидат постојано заедно како семејство, и да го носат своето оружје – мечеви, копја и лакови. Потоа, откако ги прегледа работите, Неемија му се обрати на целиот народ и неговите водачи: "Не бојте се од овие луѓе", рече тој, "Мислете на Господа, голем и страшен" (Неемија 4:14). Бог се грижеше за нив. Тој веќе беше сторил толку многу.

Библијата вели: "Ако е Бог со нас, кој ќе биде против нас?" (Римјани 8:31). Бог им помага на христијаните кога тие се соочуваат со луѓе кои се против нив. Можеби некој од твоите соученици ти се потсмева или се обидува да те повреди бидејќи веруваш во Господ Исус Христос. Две момчиња, христијани, отишле на училиште со автобус. Скоро секој ден, веќе подолго време, некои од другите момчиња ги пцуеле и ги терале и тие да ги повтараат тие зборови. Не е лесно некој да те исмева така. Но, тие се сетиле дека Господ е со нив и одбиле да ги повторат пцостите. "Мислете на Господа, голем и страшен."

Неемија му го кажа тоа на народот, а исто така ги охрабри да бидат подготвени да се борат за да си ги заштитат семејствата и Ерусалим. Тоа им успеа. Непријателите ја примија веста дека тие се спремни да ги дочекаат. Поради тоа непријателите се откажаа од идејата за таен напад, а народот се врати на работата на ѕидовите.

**Картограм III–5**

Од тој ден, Неемија го подели народот во две групи: едната работеше на ѕидот, додека другата пак, стоеше на стража. Дури и оние кои работеа, со себе си носеа оружје; секој од градителите си го носеше мечот на половината додека работеше. Бидејќи работниците беа раштркани на сите страни, далеку едни од други, Неемија секогаш покрај себе имаше трубач чија задача беше да ги предупреди другите на првиот знак за опасност. Кога ќе го слушнеа гласот на трубата, знаеја дека треба да ја оставаат работата и сите да се соберат на едно место со Неемија за да го одбијат нападот. Неемија знаеше дека сами не можат да се борат против непријателот, но тој беше сигурен дека Бог ќе им помогне. Бидејќи Му веруваше на Господ, можеше и да каже: "Нашиот Бог ќе се бори за нас" (Неемија 4:20).

Неемија и народот не се откажаа од работата кога надојдоа тешкотии. Библијата вели дека тие продолжија со работата од рано наутро до доцна навечер. Дури и никој не го напушташе градот навечер за да си оди дома. Тие стоеја до ѕидовите на Ерусалим за заедно да го бранат градот. Кога Неемија и оние што беа на стража легнуваа да се одморат, не ги ни соблекуваа своите облеки. Оружјето им беше секогаш при рака, така што за момент можеа да бидат подготвени да го бранат градот. Бог беше со нив и им помагаше.

Ако веруваш во Господ Исус Христос, тогаш Тој е со тебе за да ти помага кога другите се против тебе. Бог преку овој дел од Неговиот Збор, ти кажува што треба да правиш:

–побарај Бог да ти помогне
–сети се колку голем и моќен е Господ.

Што ќе направиш ако оваа недела се соочиш со тешкотии од други луѓе? Дали тоа ќе те спречи да го правиш тоа што Господ го сака од тебе Библијата вели: "Ако е Бог со нас, кој ќе биде против нас?" Затоа, биди подготвен да се соочиш со тешкотиите што ги создаваат другите луѓе и не се откажувај од тоа што Господ сака да го правиш; Тој ќе ти помогне.

**Четврта лекција**

**Соочување со проблеми помеѓу луѓето од Божјиот народ**

| | | |
|---|---|---|
| **Библиски текст:** | | Неемија, глави 5 и 6. |
| **Централна вистина:** | | Бог на Своите деца им помага да бидат мудри. |
| **Примена:** | | **За спасени деца:** Читај го Божјиот Збор. Замоли го Бог да ти помогне да одговориш правилно. |
| **Вовед:** | | Бог веќе на многу начини им помогна на Неемија и на Евреите... Сепак најголемите тешкотии штотуку надоаѓаа. |
| **Картограм:** | 1 | Сиромашните луѓе се жалат – недостаток од храна, камата на нивните заеми, нивните деца продадени како робови. |
| | 2 | Неемија зборува против гревот на благородниците. |
| | 3 | ЦВС – примерот со Јосиј. Санавалат, Товиј и Гисем испраќаат пораки за средба со Неемија. Тој одбива да ја остави работата и се моли. ЦВС |
| | 4 | Семај се обидува да го заплаши Неемија и да го натера да се сокрие во Светилиштето. Тој одбива. |
| **Кулминација:** | 5 | Ѕидот околу Ерусалим е завршен. Бог ја заврши работата. |
| **Заклучок:** | | Бог и во твојот живот може да направи големи нешта. |
| **Стих за напамет:** | | Еремија 33:3. "Повикај Ме, и ќе ти одговорам." |

**Лекција**

**Вовед**

На Неемија и на Евреите Бог веќе им беше помогнал на многу начини: ги одговори молитвите на Неемија и му ја подари наклонетоста на Персискиот Цар; ги донесе живи и здрави во Ерусалим; ги заштити кога нивните непријатели се обидоа да ги запрат; им помогна да ги поправат ѕидовите што сега беа повеќе од половина завршени.

**Картограм IV–1**

Сепак најголемите тешкотии штотуку надоаѓаа. Најнапред, дојдоа сиромашните мажи со своите жени да му го кажат на Неемија следново: "Нашите семејства растат, а ние немаме доволно жито да им направиме леб" (Видете Неемија 5:2). Имаше и друг проблем: тие ја беа напуштиле својата работа на нивите за да ги градат ѕидовите. Затоа рекоа: "Немаме повеќе пари, па треба да позајмуваме од оние кои се побогати, за да можеме да си купиме храна. На Персискиот цар му должиме за даноците, па и за тоа треба да позајмиме пари" (Видете Неемија 5:3,4). Згора на тоа, сега богатите Евреи бараа да им се вратат повеќе пари отколку што позајмиле. А, тоа значеше дека сиромашните Евреи требаше да заработат повеќе пари од оние што ги зеле на заем. На пример, ако некој беше зел на заем 100 фунти (10.000 денари), требаше да врати околу 120 фунти (12.000 денари).

Народот имаше и полоша вест за Неемија: "Иако овие богати луѓе се Евреи како нас, сепак тие нè тераат да си ги продаваме децата како робови, само затоа што не можеме да им ги вратиме парите. Никогаш не ќе можеме да си ги откупиме децата; тие богати Евреи веќе ги поседуваат нашите ниви и лозја" (Видете Неемија 5:5). Кога слушна дека народот се жали за овие работи, Неемија многу се налути. Зошто? Не само поради тоа што водачите на народот беа алчни, сурови и себични; туку и поради тоа што пред сè тие беа непослушни кон јасно кажаните Божји заповеди. Бог беше рекол дека е грев за Неговиот народ да бара повеќе пари од оние што му ги позајмил на сиромавиот (Видете Излез 22:25; Левит 25:36,37). Исто така, ниеден Евреин не смее да присилува друг Евреин да му служи како роб (Видете Левит 25:39–42). Со тоа, овие богати луѓе од Ерусалим грешеа против Бог.

Бог и нам ни го покажа правилниот начин на живеење. Но, и ние не ги послушавме Божјите заповеди. Библијата ни вели дека треба да го сакаме Бог и да ги сакаме другите луѓе. Но, многу често сакаме некои други нешта, а се сакаме и себе си повеќе отколку Бог. Често сме алчни и себични. Ако ти понудат торта, дали не ќе го сакаш најголемото парче за себе? Дали на училиште некогаш си мамел за да добиеш повисока оценка од другите? Си зел ли некогаш нешто што не е твое? Може тоа било пари или играчка; или нечија гумичка или пенкало! Има само Еден кој може да ни го прости гревот и да нè промени. А, тоа е Господ Исус Христос

кој умре на крстот и воскресна за нас. Библијата вели: "Верувај во Господ Исус Христос и ќе се спасиш" (Дела 16:31). Поверувај во Него и замоли го да те спаси. Ветувањето е вистинито: Тој ќе те спаси – ќе ти го прости гревот и ќе те направи таков каков што Тој сака да бидеш. Дали сакаш Тој да го стори тоа за тебе? Тогаш, замоли Го токму сега. Господ Исус Христос ќе те спаси уште денес, ако поверуваш во Него.

**Картограм IV–2**

Неемија се разлути зашто луѓето грешеа против Бог. (Гневот на Неемија во оваа ситуација беше правилен. Но, многу често нашиот гнев не е правилен.) Тој внимателно размисли за тоа што треба да направи. Господ му даде мудрост за тој тежок проблем. Колку многу е важно за нас кои сме поверувале во Господ Исус Христос, од Него да бараме мудрост за да знаеме што треба да правиме. Многу лесно можеме да погрешиме, но Господ сака секојдневно да нè води. Неемија веруваше дека Господ ќе му даде мудрост. Го собра целиот народ за сите да слушнат за тоа што тој намисли да го направи. Најпрво им се обрати на водачите на народот и им рече: "Вие од сиромашните луѓе барате повеќе пари отколку што сте им позајмиле. Ние многу работевме за да го видиме нашиот народ слободен од другите народи; а вие пак ги продавате како робови." Потоа рече: "Не е добро тоа што го правите. Зарем не треба да го правите тоа што е кажано во Божјиот Збор? Што ќе речат на тоа нашите непријатели?" (Видете Неемија 5:7–9).

Царот Артаксеркс го постави Неемија за управител на Јудеа. За него работеа 150 луѓе. "Видете," рече тој, "јас и моите браќа, и моите луѓе им позајмуваме пари и жито без да бараме да ни вратат повеќе. Нема ли и вие да постапите така?" (Видете Неемија 5:10).

Неемија работеше според Божјиот Збор; тој не бараше од водачите да направат нешто што тој не беше подготвен да го направи. Понатаму тој рече: "Вратете им ги и вие уште денес нивните ниви, лозја, маслиновите градини и нивните куќи, како и вишокот пари што барате да ви ги вратат" (Неемија 5:11). Водачите сигурно беа засрамени од тоа што го беа направиле, бидејќи ветија: "Ќе им вратиме сè и не ќе бараме ништо од нив. Ќе направиме како што рече" (Неемија 5:12). Неемија го стори тоа што го знаеше од Библијата. Токму од таму доаѓа вистинската мудрост. Божјиот Збор секогаш е вистинит и прав. И ние можеме да станеме мудри ако слушаме што ни вели Божјиот Збор, Библијата, и ако го извршуваме тоа. Сè што треба да знаеме во врска со живеењето за Господ, можеме да го најдеме во Неговиот Збор. За еден христијанин, Библијата е прирачник за живеење. Дали секој ден си оддвојуваш време за да прочиташ неколку стихови од Библијата? Дали секој ден се обидуваш со Божја помош да го спроведеш во пракса тоа што го читаш? Никогаш нема да погрешиш ако го следиш Божјиот Збор и го правиш тоа што го читаш таму.

Скоро 200 години порано, едно мало момче по име Јосиј, стана цар наследувајќи го местото на татка си. Неговиот татко и другите цареви пред него го научиле народот да обожува кипови наместо вистинскиот и жив Бог. Јосиј тагуваше и сакаше неговиот народ да оди по правилниот пат. Еден ден, еден човек во храмот најде дел од Библијата и му го однесе на Јосиј. Тој, пак, го повика народот за сите да го слушнат Божјиот Збор. Тој рече: "Бевме непослушни на Божјите заповеди и заслужуваме да бидеме казнети." Тие го замолија Бог да им прости и почнаа да живеат според Божјиот Збор. Кога го сторија тоа, во земјата можеше да се почувствува голема промена.

Бог е навистина мудар и ако го следиме Неговиот Збор, ќе добиеме вистинска мудрост. Во Псалмите има еден стих кој вели: "Поумен сум од сите мои учители, зашто размислувам за Твоите сведоштва" (Псалм 119:99). Доколку го следиме тоа што Бог го рекол во Своето Писмо, можеме да бидеме помудри (со Божјата мудрост) од сите наши учители на училиште. Неемија бараше од управителите да го сторат тоа што го пишува во Божјиот Збор – да ветат дека ќе вратат сè што зеле. Потоа тој направи нешто необично. Ја истресе долгата наметка што ја носеше и рече: "Бог нека го истресе вака од сопствената куќа и од имотот секој човек, кој не ќе се држи за ова ветување" (Неемија 5:13).

Народот беше задоволен, а управителите постапија како што ветија.

**Картограм IV–3**

Сега кога Бог му го покажа на Неемија решението на проблемот, народот можеше да ѝ се врати на работата на ѕидовите. Но непријателите на Божјиот народ не се откажуваа лрсно. Сепак, работата беше при крај. Ѕидовите беа обновени; остана само уште да се наместат вратите. Санавалат, Товиј и Гисем на Неемија му ја испратија следнава порака: "Дојди да се состанеме во едно од селата во Ононската Долина" (Неемија 6:2). Тоа место беше на околу 30км (20 милји) од Ерусалим. Изгледаше како да сакаат да се соберат таму за да разговараат со Неемија за мир. Изгледаше како пријателска порака; но, Бог знаеше што се случува и му даде мудрост за да донесе правилна одлука. "Тие ми мислеа зло," рече Неемија (Неемија 6:2). Тие сакаа лошо да го претстават Неемија пред народот, а можеби дури и да го убијат.

Бог му помогна на Неемија да одговори многу мудро. Тој на Санавалат, Товиј и Гисем им испрати возвратна порака во која се велеше: "Зафатен сум со голема работа и не можам да слезам: работата ќе заостане ако ја оставам, за да дојдам кај вас!" (Неемија 6:3). Неемија не дозволуваше никој и ништо да го спречи да ја заврши работата што Бог му ја покажа. Ако сакаа, овие луѓе можеа да дојдат во Ерусалим за да разговараат со него, но тој немаше намера да ја прекинува Божјата работа.

Многу е важно за сите нас кои сме верници, да знаеме што сака Бог од нас. Често, луѓето што се околу нас ќе се обидуваат да нè натерат да правиме нешта што Бог не сака да ги правиме. Нашите пријатели можат дури и да ни кажат: "Пробај го овој коцкарски автомат: ќе ти биде забавно." "Земи ја цигарата: нема воопшто да ти наштети." "Погледај ја оваа непристојна видео касета, само колку да видиш каква е." Во вакви моменти потребна ни е Божјата помош за да кажеме "не", исто како што Неемија одби да ја запостави Божјата работа. Замоли го Бог да ти помогне да одговориш правилно. Тој на Своите деца им помага да бидат мудри.

Четири пати непријателите му ја испраќаа истата порака на Неемија и секој пат тој им го даваше истиот одговор. Одби да се сретне со нив. Кога сфатија дека тој не планира да го напушти Ерусалим, тие се обидоа со нешто друго. Овој пат, петтото писмо што дојде до Неемија намерно беше оставено отворено (незапечатено). Тие всушност се надеваа дека на тој начин многу луѓе ќе можат да го прочитаат. Во писмото пишуваше: "Се слуша во народот – а Гисем потврдува – дека ти и Јудејците се подготвувате за бунт против царот; затоа го градиш ѕидот, и дека сакаш да станеш нивни цар, како што велат. И дека си поставил пророци за да го разгласат твојот успех во Ерусалим и да речат: "Јудеја има цар!" Сега тие гласови ќе стигнат до ушите на царот Артаксеркс. Затоа дојди за да се посоветуваме." (Неемија 6:6,7). Уште еднаш Бог му помогна на Неемија да одговори правилно. Тој само испрати порака во која се велеше: "Ништо не така како што тврдиш; сето тоа е само измислица на твоето срце." (Неемија 6:8). Потоа, Неемија го стори тоа што видовме дека го прави многу често. Тој се помоли. "Затоа, сега, о Боже, закрепни ги моите раце" (Неемија 6:9). Бидејќи неговите непријатели се обидоа да го обесхрабрат и уплашат, тој знаеше дека му треба помош од Бог. Бог ја слушна и одговори неговата молитва.

**Картограм IV–4**

Непријателите на Неемија повторно се обидоа да го измамат. Еден човек по име Семај, кој живееше во Ерусалим, се преправаше дека се плаши од непријателите. Тој се беше заклучил во својата куќа, па испрати да го повикаат Неемија да дојде кај него. Семај рече дека има порака од Бог за Неемија. "Да се сокриеме во Божјиот Дом, во Светилиштето, и да ја затвориме вратата на храмот, зашто уште ноќеска ќе дојдат да те убијат" (Неемија 6:10). Бог му помогна на Неемија да дознае дека Семај лаже, па затоа тој му одговори: "Зар треба човек кој е избран од Бог да го обнови ѕидот, наеднаш да побегне?" Неемија исто така знаеше, како што впрочем знаеја и другите од Божјиот народ, дека само свештеникот смееше да влезе во Светилиштето на храмот. Бог рече дека ако некој друг влезе таму ќе умре (Видете Броеви 18:7). Неемија не беше свештеник, па затоа знаеше дека и тоа е измама. Всушност, Товиј и Санавалат му беа платиле на Семај да го заплаши на тој начин Неемија. Тие сакаа Неемија да прекрши една Божја заповед, па така да можат да му покажат на народот дека тој направил многу голема грешка. Ако и ние побараме Бог да нè води и да ни помага и ако го читаме Неговиот Збор, тогаш ќе знаеме што е правилно да се направи.

Неемија му веруваше на Бог кога непријателите се обидоа да го измамат. Бог му помогна да биде мудар и да донесе правилни одлуки. Има луѓе кои нè критикуваат затоа што сме христијани. Тие зборуваат лоши работи за нас. Тие можат, на пример, да кажат дека сме мамеле на тест в училиште, а ние тоа не сме го направиле. Во тој случај, треба да го замолиме Бог да ни помогне да одговориме правилно. Не е добро да сакаме одмазда или да шириме невистинити приказни за другите. Господ може да ги среди работите. На крај, другите луѓе ќе видат дека приказните кажани за нас, навистина се лажни (Видете 1 Петар 2:12,15).

**Картограм IV–5**

Бог му помогна на Неемија да им одговори правилно на непријателите. Еден ден, конечно пристигнаа прекрасни вести: "Ѕидовите се готови." Секој камен беше на своето место. Сите делови беа поврзани, и секоја врата – наместена. На луѓето им беа потребни само 52 дена за да ја завршат работата. Бог им помогна да завршат голема работа за кратко време.

Се разбира, од големо значење беше тоа што сите луѓе работеа на обновувањето на ѕидовите; не ќе одеше работата толку добро ако работеа само неколку луѓе. Навистина и работата беше добро испланирана и организирана. Ги имаа сите материјали што им беа потребни. Но, најважно од сè е тоа дека Бог беше со нив. Луѓето сигурно беа многу среќни што можеа да ги гледаат тие големи ѕидови и врати, и да сфатат дека градот сега беше токму таков каков што треба да биде – добро заштитен од секаков напад.

Непријателите беа тажни. Направија сè за да ја спречат работата, но не успејаа. Сега мораа да признаат: "Бог го направи сето тоа. Не може на друг начин да се објасни" (Видете Неемија 6:16).

Дојдоа луѓе од блиску и од далеку и го видоа повторно цврстиот ѕид околу Ерусалим. Народот од Ерусалим можеше да каже: "Бог ни помогна. Бог ни даде добар водач, Неемија. Бог нè снабди со сè што ни беше потребно и ни ги реши проблемите." Зарем тоа не беше прекрасно сведоштво за Божјата величина!

Ако си христијанин, Бог те води од ден во ден. Тој им помага на Своите деца да бидат мудри. Читај го Неговиот Збор, Библијата, и замоли Го да ти помогне да постапуваш правилно. Тој е толку прекрасен Господ и Спасител. Нема да се разочараш ако Му веруваш и ако си Му послушен.

## Петта лекција

## Град посветен на Бог

**Библиски текст:** Неемија 7–13 глава.

**Централна вистина:** Дозволи Му на Господ да управува со твојот живот.

**Примена:** **За неспасени деца:** Прими Го Исус Христос за свој Спасител. **За спасени деца:** Биди послушен кон Неговиот Збор; побарај го Божјото опростување; извршувај ја Неговата работа; радувај се во Него; предај се себе си на Бог.

**Почеток:** Чарлс Стад рече: "Бог го има сето она што може да се добие од Чарлс Стад." ЦВ

**Картограм:**

1 Луѓето го слушаат Божјиот Збор. ЦВС Биди послушен на Божјиот Збор.
2 Тие го бараат Божјото опростување. ЦВС Исповедај го својот грев. Празникот на сениците.
3 Народот работи во Ерусалим – стражари, пејачи, Левити. ЦВС Работи за Бог.
4 Народот оди околу ѕидовите и го слави Бог. ЦВС Слави го Господ.
5 Неемија се осигурува дека сè е по Божја волја. ЦВС Предај се себе си на Бог.

**Кулминација:** "Бог го има сето она што може да се добие од мене!"

**Заклучок:** Што сакаше Бог народот да стори? А дали ти го правиш тоа? Дали си го примил Исус Христос за свој Спасител?

**Стих за напамет:** Матеј 6:24. "Никој не може да им служи на два господара."

**Дополнителна визуелна помош.** Додека ја поучувате оваа лекција, можете еден по еден да ги "откривате" камењата од ѕидот што се наоѓа на крајот од прирачников. (Покријте ги камењата со парчиња бела хартија прикачени за камењата со малку гума.)

### Лекција

**Вовед**

Чарлс Стад беше мисионер кого Бог го употреби во Британија, Кина, Индија и Африка да донесе многу луѓе до Христос. Еднаш еден пастор го прашал што е тајната на неговиот живот. Чарлс одговорил: "Тајната е во тоа дека, Бог го има сето она што може да се добие од Чарлс Стад." Бог сака да управува со секој дел од нашиот живот. Има ли некои делови од твојот живот што сакаш да си ги задржиш за себе? Дозволи Му на Господ да управува со твојот живот за да можеш и ти да кажеш: "Бог го има сето она што може да се добие од мене". Денес ќе видиме како луѓето од Ерусалим научија да ја извршуваат Божјата волја и да Му дозволат Тој да ги води во животот.

**Картограм V–1**

Само неколку денови откако работата на ѕидот беше завршена, целиот народ дојде во Ерусалим. Се собраа на ширината пред Водната Врата, и замолија еден човек по име Езра да им чита од Божјиот Закон. Тој веќе го имаше поучувано народот од Божјиот Збор. Библијата вели: "Езра настојуваше, со сето свое срце, да проникне во Господовиот Закон, да го да го извршува и да го поучува Израел во законите и уредбите." (Езра 7:10). Езра со цело срце копнееше да го проучува Божјиот Збор, да го извршува и да ги поучува другите од него.

Изградија посебна говорница за Езра за да може тој да стои над луѓето и секој да може да го види и чуе. Кога тој го отвори свитокот, целиот народ стана на нозе за да ја покаже својата почит кон Божјиот Збор. Веројатно, во огромната толпа што стоеше и го слушаше Божјиот Закон имаше околу 40000 маши, жени и деца. (Видете Неемија 7:66,67). Езра читаше од Божјиот Збор, а други 13 луѓе му помагаа разјаснувајќи го значењето на прочитаното, за да може народот да го разбере тоа што беше кажано. Народот го слушаше Божјиот Збор од рано наутро до пладне. Тоа сигурно беше прекрасен ден!

Ако си поверувал во Исус Христос и си Го прифатил за свој Господ и Спасител, тогаш треба внимателно да слушаш што вели Библијата. (Учителе, покажете го првиот камен од ѕидот.) Секој ден одвојувај време за да прочиташ неколку стихови од Библијата. Тоа што си го научил, примени го истиот ден. Бог може да ти помогне да научиш да го правиш тоа што го вели Библијата. Многу е важно да слушаш кога некој во црквата, во Неделното училиште, или во Клубот на Добрата Вест ти ја чита и објаснува Библијата.

Библијата не е обична книга; таа е Божји Збор – ти кажува што Бог сака ти да знаеш и да правиш.

**Картограм V–2**

Луѓето не само што го слушаа Божјиот Збор, но и го послушаа. Сфатија дека не живееја според волјата на Бог и заплакаа поради својот грев. Жалеа што не Му беа послушни на Бог. Бог ги избра за Свој посебен народ, но тие сакаа да бидат како паганските народи што живееја околу нив. Правеа работи што им се својствени на луѓе без Бог. Но, додека го слушаа Божјиот Збор, увидоа дека е погрешно тоа што го прават, а тоа значеше дека се непослушни на Божјите заповеди. Библијата вели: "Пристапија и ги исповедуваа своите гревови" (Неемија 9:2).

Бог нè учи така да постапуваме кога сме непослушни кон неговите заповеди. Дали се дружиш со група неспасени пријатели кои се вовлекуваат во неволји? Дали им се придружуваш кога гледаат непристојни слики и видео касети? Дали користиш пцости и дали кажуваш нешта што Бог не сака да ги кажуваш? Дали постапуваш, па дали дури и се облекуваш како твоите неспасени пријатели, за ним да им угодиш, наместо пред сè да сакаш да Му угодиш на Бог? Библијата вели дека секој што ги признава своите гревови и сака Господ да го промени, во Господ ќе најде милост и простување (Видете Поговорки 28:13). Ако сакаш Господ да управува со твојот живот, тогаш треба да Му кажеш за лошите нешта што си ги правел. (Учителе, покажете го вториот камен од ѕидот.) Тој ќе ти ги прости гревовите бидејќи вети дека ќе го стори тоа (1 Јован 1:9). Тој ќе ти даде сила да кажеш "не" на оние работи во твојот живот што се против Божјата волја (Римјани 6:12,13). Господ Исус Христос може да ни прости и да ни даде сила да живееме за Него, зашто Тој умре и воскресна за нас. Бог може да работи во нашиот живот исто како што многу оддамна работеше во животот на Својот народ во Ерусалим.

**Картограм V–3**

Имаше уште многу работа во Ерусалим. Многу од куќите требаше да се поправат, а и нови требаше да се изградат. Библијата вели: "Градот беше широк и голем, но во него имаше малку жители, зашто немаше изградено куќи" (Неемија 7:4). Поважно беше повеќе луѓе да живеат во Ерусалим, наместо во околните села. Ако требаше Ерусалим да биде еден посебен град, каде што ќе можат луѓето да доаѓаат и да го обожуваат вистинскиот и жив Бог, тогаш беа потребни и повеќе луѓе кои градот ќе го направат такво место. Најпрво, водачите на народот си направија куќи во ерусалим. Потоа, беше одлучено на секои десет семејства, едно да се пресели во Ерусалим.

Бог му покажа на Неемија дека на некои луѓе треба да им даде посебни задачи. (Видете Неемија 7:1–3.) Зауправник на градот, Неемија го постави својот брат Ананиј, заедно со Ананиј, заповедникот на тврдината. Се сеќавате дека Ананиј прв му ја однесе на Неемија во Персија веста за срушените ерусалимски ѕидови. За Ананиј, Библијата ни го вели следново: "Тој беше верен човек и се боеше од Бога повеќе од другите" (Неемија 7:2). Токму затоа можеше да му се довери толку важна работа за Бог. О, нека Бог ни даде таква вера, па Тој да биде на прво место во нашиот живот!

Исто така, Неемија постави некои од луѓето за чувари на градот. Други беа задолжени за отварањето и затварањето на портите, за да не може непријателот да влезе тајно. Имаше и посебен хор од пејачи кои го водеа народот во славење и благодарење на Господ. Потоа, таму беа и Левитите кои се грижеа за храмот, Божјиот дом. А, секоја група имаше свој водач (Неемија 11:21–24).

Ако си христијанин, тогаш и ти треба да работиш за Господ. (Учителе, покажете го третиот камен од ѕидот.) Тоа не значи дека секој христијанин треба да биде мисионер или проповедник. Но, тоа што треба да го правиме в училиште, можеме да го правиме за слава на Господ Исус. Можеме да помогнеме малку во Клубот на добрата вест или во Неделното училиште. Со нашето пеење можеме други да охрабриме да Го слават Господ. Можеме дома да поработиме малку за да ѝ ја олесниме работата на мама. Можеме да се понудиме да направиме нешто за некого кој е многу стар или болен и не може сам да го стори тоа. Ако сакаш Господ да управува со твојот живот секој ден, тогаш треба да Го прашаш што би можел да сториш за да им помогнеш на другите луѓе. Секој христијанин треба да биде алат што Господ ќе може да го употреби каде сака и кога сака. Секој алат не се користи за иста работа – чеканот е различен од клештите. Ние можеме да се разликуваме еден од друг, но секој е важен, и заедно можеме да Му послужиме не нашиот Господ.

**Картограм V–4**

Ѕидовите беа изградени. Луѓето го слушаа Божјиот Збор и му беа послушни. Го побара Божјото опростување за своите гревови и го средија својот живот. Некои имаа посебни задачи во Ерусалим. Сега дојде времето заедно да го прослават Господ за сето она што Тој го направи и затоа што јавно покажа дека Ерусалим е град посветен посебно за Него. Беше одреден ден за големата прослава (Неемија 12:27–47).

Дојдоа луѓе од цела Јудеја. Дојдоа пејачите и музичарите, а и Левитите, чијашто работа беше да се грижат за храмот и за славењето на Бог. Неемија ги подели луѓето во две големи групи. Секоја група требаше да се искачи на ѕидот и да го обиколи градот. Едната група предводена од Езра тргна на десно, а Неемија со другата група отиде на лево. Додека одеа Му благодареа на Бог и Го славеа, пеејќи и свирејќи на своите инструменти. Колку прекрасна беше целата процесија околу градот. На крај, двете групи се сретнаа во близина на храмот. Потоа, двата хора влегоа воо Божјиот дом, а другите одеа по нив. Библијата вели: "Пејачите пееја гласно. Во тој ден беа принесени големи жртви, луѓето се радуваа, зашто Бог ги беше исполнил со

голема радост; се веселеа и жените и децата. И радоста на Ерусалим се слушаше надалеку" (Неемија 12:42,43).

Ти и јас, кои Го познаваме Исус Христос како свој Господ и Спасител, треба да се сетиме да Го прославиме заради тоа Кој е и да Му благодариме за тоа што го направил за нас. И денес, исто како и пред многу години во Ерусалим, Господ сака да го слушне славењето и благодарењето од страна на децата. Бог е толку голем и добар. Нè создаде нас и прекрасниот свет во кој живееме. Го испрати Својот Син да умре на крстот за нас и по три дена Го воскресна од мртвите. Нè благословува и одговара на нашите молитви. Имаме толку многу причини за да Го славиме и да Му благодариме. (Учителе, покажете го четвртиот камен од ѕидот.)

За да покажат дека Го сакаат Бог и дека Нему Му припаѓаат, луѓето од Ерусалим направија и нешто друго. Тие донесоа дарови за да им помогнат на оние кои имаа посебен удел во славењето и служењето на Бог. Нашата љубов за Господ ќе се покаже и преку даровите што ги даваме за да им помогнеме на оние кои денес Му служат. Тоа е дел од она што ние можеме да Му го дадеме на Господ за сета Негова добрина кон нас.

Постои ли барем малку од тоа славење, благодарење и радост во нашиот живот? Живееме во свет каде многу луѓе се несреќни и незадоволни. Како христијани, ние сме поинакви. На другите луѓе треба да им биде јасно дека ние ја имаме Господовата радост и љубов во срцата. Кога се собираме заедно треба да сакаме да Го славиме Господ, да Му благодариме и да даваме несебично за Неговото дело. Некои луѓе мислат дека христијаните се тажни и постојано со сериозни лица. Но, тоа не е вистина. Библијата вели: "Господовата радост е вашата сила" (Неемија 8:10).

**Картограм V–5**

Бог на прекрасен начин дејствуваше помеѓу луѓето во Ерусалим. Тие ветија дека ќе го следат Господа и ќе бидат послушни на Неговите заповеди (Неемија 9:38). Рекоа дека нема да бидат како паганите што живееја околу нив и дека нема да се женат и мажат со нив. Неемија го водеше народот 12 години (Неемија 5:4; 13:6). Потоа, тој требаше да се врати во дворецот на царот Артаксеркс како што беше ветил (Неемија 2:6). Не знаеме колку се задржал во Персија. По некое време, побара дозвола од царот и се врати во Ерусалим. Таму тој дозна за големото зло што првосвештеникот Елијасив го сторил: тој на Товиј му дал соби во зградата што беше дел од храмот. Како што знаете, Товиј беше еден од оние кои сторија сè што можеше да се стори за да го запрат градењето на ерусалимските ѕидови. Сега, пак, тој имаше соба во Божјиот дом. Неемија не сакаше да продолжи ова ужасно грешење против Божјите заповеди. Па затоа, ја исфрли од собата сета покуќнина на Товиј. Во согласност со Божјиот Збор, тој нареди да се исчистат собите за да се подготват за употреба. Потоа ги врати таму, на поранешното место, садовите наменети за служба во Божјиот Дом. Храмот беше само за служење на Бог. Ако сме христијани, нашиот живот треба целосно да Му припаѓа на Господ.

Во тоа време, во Ерусалим Неемија исто така виде луѓе што работеа во сабота, денот што Бог им го опре-дели за одмор од работата. Внесуваа храна во градот и го користеа саботниот ден за купување и продавање. Неемија го запре ова тргување, ги затвори градските порти и им кажа на Левитите да не ги отвораат во сабота. Ако Му дозволиме на Господ да управува со нашиот живот, тогаш Тој ќе ни биде на прво место во сè што правиме: ќе сакаме во сè да Му угодуваме.

Потоа, Неемија требаше да го реши проблемот со мажите кои земаа жени од паганските народи. Тоа би ги повело кон обожување идоли. Нивните деца дури и не знаеја да зборуваат еврејски. Повторно Неемија проговори против нивниот грев и ги поучи да се откажат од тие бракови. Доколку сакаме Господ да раководи со нашиот живот, тогаш треба да се откажеме од она што не е според Неговата волја за нас. Господ Исус рече: "Никој не може да им служи на два господара...не можете да им служите на Бог и на мамона" (Матеј 6:24). Нашиот живот мора целосно да Му припаѓа на Господ. Дај Му сè што имаш и сè што си. (Учителе, покажете го петтиот камен од ѕидот.) Дозволи Му на Господ секојдневно да управува со твојот живот, за да можеш и ти како Чарлс Стад да кажеш: "Бог го има сето она што може да се добие од мене".

**Заклучок**

Што сакаше Бог Неемија и народот да сторат, и што сака ние да сториме, за нашиот христијански живот да биде според Неговата волја?

- да го слушаш Божјиот збор и да му бидеш послушен.
- да го исповедаш својот грев и да почнеш да постапуваш правилно.
- да работиш за Господ.
- да го славиш Господ и да се радуваш во Него.
- да Му се предадеш на Господ и целосно да се посветиш на извршувањето на Неговата волја.

А дали ти го правиш сето тоа? Можеби никогаш не си Го примил Господ Исус Христос за свој Спасител. Ако си свесен дека грешиш и дека не живееш за Господ, можеш уште денес да дојдеш кај Него. Замоли Го да ти прости и да те спаси од твојот грев. Библијата вели: "А на сите кои Го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во Неговото име" (Јован 1:12).


Предај се себе си на Бог
5
Работи за Бог
3
Прослави Го Бог
4
Биди му послушен на Божјиот Збор
1
Побарај го Божјото опростување
2